# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО
**20.02.2025 год.** **Бр.II**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 57-та седница на Советот на Општина Крушево**
**одржана на ден 19.02.2025 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 57-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 19.02.2025 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.09-259/1 од 20.02.2025 година Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 57-та седница, одржана на 19.02.2025 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 56-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 23.01.2025 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).
**Бр.08-207/3 од 19.02.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 7 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ„ бр. 79/2009), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ’’ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ’’ бр. 202/2024), и член 12 и 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл. гласник на Општина Крушево” бр. 1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 19.02.2025 година донесе:

**ОDLУКА**
**за прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка**

**Член 1**
Се прифаќа Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка утврден со Одлука од Советот на Општина Новаци, бр.14-808/11 од 26.11.2024 година, поднесен од Градоначалникот на Општина Новаци, со Барање бр.08-758/4 од 06.12.2024 год., (наш бр. 08-115/1 од 24.01.2025г. ), во областа на управувањето со отпадот, односно за основање на заедничко јавно претпријатие за управување со отпад со општините: Новаци,

Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ’’Службен гласник на Општина Крушево’’.

**Бр.08-207/4 од 19.02.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и член 36 ства 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ’’ бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр.202/2024), член 6 став 1 точка 3 и став 3 и 4 од истиот член од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ“ бр.23/12, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 17/25), член 18 став 1 точка 7 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 19.02.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на еднократна парична помош на семејствата со новороденче на подрачјето на Општина Крушево во 2025 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува доделувањето на еднократна паручна помош на семејствата со новороденче, кои се со живеалиште на подрачјето на Општина Крушево во 2025 година.

**Член 2**

На секое семејство со новороденче во 2025 година, со живеалиште на подрачјето на Општина Крушево, му се доделува еднократна парична помош во износ од 6.000,00 денари.

**Член 3**

Еднократната парична помош ќе се доделува врз основа на поднесено Барање од страна на семејството до Општина Крушево, со уредно приложена документација на увид која ќе го потврди раѓањето на новиот член во Семејството (извод од матична книга на родените), територијалната припадност (живеалиште по лична карта) на подрачјето на Општина Крушево и трансакциска сметка на име на еден од родителите.

Територијалната припадност (живеалиште по лична карта) на подрачјето на Општина Крушево, ќе се потврди со приложување на увид важечки лични карти или патни исправи од двајцата родители, со исклучок за новороденчиња на самохрани родители.

Раѓањето на новороденото дете се потврдува со извод од матична книга на родените.

Доколку подносителите на Барањето за доделување на еднократна парична помош за новороденче е самохран родител, а притоа во Изводот од матичната книга на родени за новороденчето е впишан само родителот Барател, истиот ќе го поднесе барањето согласно став 1, 2 и 3 од истиов член (член 3).

Доколку подосител на Барањето за доделување на еднократна парична помош за новороденче е самохран родител, а притоа во Изводот од матичната книга на родени за новороденчето се впишани двајцата родители, истиот е должен да приложи изјава дадена под морална и матаријална одговорност која што ќе биде заверена на Нотар дека е самохран родител.

**Член 4**

Рокот за поднесување на пријавите со комплетната документација е 90 (деведесет) дена од денот на раѓањето на новороденчето.

**Член 5**

Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на Општина Крушево, поточно од подпрограмата ДОО-Градоначалник, група 47-социјални бенифиции, 471230-помош за новороденчиња.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во службен гласник на Општина Крушево, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

**Бр.08-207/5 од 19.02.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002 „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024),

член 19 став 3, 4 и 5 и член 27 став 8 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19; 82/20; 89/22; 274/22 и 208/24) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 19.02.2025 година, го донесе следниот:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на надоместокот за работа на претседателот и членовите на Управниот и Надзорниот одбор во ЈП „Комуна“ Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за работа на претседателот и членовите на Управниот и Надзорниот одбор во ЈП „Комуна“ Крушево.

**Член 2**

Висината на месечниот надоместокот за својата работа на претседателот и членовите на Управниот одбор во ЈП „Комуна“ Крушево изнесува 1.000,00 денари, врз основа на присутво на седници на Управниот одбор на ЈП “Комуна“ Крушево.

Вкупниот месечен надоместок на претседателот и членовите на Управниот одбор поединечно, не смее да го надмине износот од 1/2 од просечната нето плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.

**Член 3**

Висината на месечниот надоместокот за својата работа на претседателот и членовите на Надзорниот одбор во ЈП „Комуна“ Крушево изнесува 1.000,00 денари, за секоја седница на Надзорен одбор на која присуствувале.

Вкупниот месечен надоместок на претседателот и членовите на Надзорниот одбор поединечно, не смее да го надмине износот од 1/3 од просечната нето плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.

**Член 4**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Член 5**

Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП”Комуна” и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-207/6 од 19.02.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр.202/2024), член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96, 9/97; 6/2002, 19/2002; 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 88 став 3 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ“ бр.27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 80/16; 127/16; 142/16; 2/17; 16/17 и 11/18, „Сл.весник на РСМ“ бр.275/19; 14/20; 215/21; 99/22 и 208/24) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 19.02.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Комуна“ Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Комуна“ Крушево за 2025 година, бр.03-27/1 од 06.02.2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-207/7 од 19.02.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ'' бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр.202/2024), член 158 став 1 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ" бр.161/19; 229/20 и 3/2025) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево'' бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 19.02.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за дополнување на блок-дотацијата на ООУ "Никола Карев" Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дополнува блок-дотацијата на ООУ "Никола Карев" Крушево за подигнување на стандардот и квалитетот на наставно образовниот процес, со средства од Буџетот на Општина Крушево.

**Член 2**

Средствата во висина од 1.000.000,00 (еден милион денари) денари, се обезбедени од Буџетот на Општина Крушево, а ќе се користат на следниот начин:

-421220-дрва..................... 300.000,00 денари;
-425760-превозни услуги во образованито…………….. 700.000,00 денари;

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-207/8 од 19.02.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл. Весник на РМ"бр.79/2009), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр.05/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 21 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Крушево („Сл. гласник на Општина Крушево" бр.01/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), СоветотнаОпштина Крушево, на седницата одржана на 19.02.2025 година, донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за именување членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка**

1. За членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка и предлог – договорот за остварување на меѓуопштинска соработка меѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод, од Општина Крушево се именуваат:

-член: Наташа Папакоча-Помлад соработник за јавни дејности и
-заменик член: Ружица Трајаноска-Помлад комунален инспектор.

2.Мандатот на членовите на комисијата е до завршување на работите за кои е формирана комисијата.

3.Ова Решение влегува во сила од денот на објавување во„Службен гласник на Општина Крушево".

**Бр.08-207/9 од 19.02.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ'' бр.202/2024), член 32 став 2 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.61/2004; 96/2004; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.244/19; 53/21; 77/21; 150/21 и 173/22) и член 21 став 1 точка 4 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 19.02.2025 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2024 год. до 31.12.2024 год.**

1. СЕ УСВОЈУВА кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2024 год. до 31.12.2024 год.

2. Овој  Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-207/10 од 19.02.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 25 од Законот за полиција (“Сл.весник на РМ” бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.294/21 и 89/22), член 36 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024), член 21 став 1 точка 41, од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 19.02.2025 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за извештајот за работата на Полициската станица од општа надлежност Крушево за периодот од второ полугодие од 2024 година**

1. НЕ СЕ ПРИФАЌА Извештајот за работата на Полициската станица од општа надлежност-Крушево за периодот од второ полугодие од 2024 година, БР.23.22.9.1-03/3 од 15.01.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-207/11 од 19.02.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002 „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024), член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16;  64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19; 82/20; 89/22; 274/22 и 208/24) и член  21 став 1 точка  50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 19.02.2025 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за давање на Согласност на ценовникот за измена и дополнување на ценовникот на услугите на ЈП „Комуна“ Крушево**

1. Советот на Општина Крушево, дава Согласност на ценовникот за измена и дополнување на ценовникот на услугите на ЈП „Комуна“ Крушево бр.02-244/7 од 26.12.2024 година.

2. Овој  Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП”Комуна” и Архива на Општина Крушево.
**Бр.08-207/12 од 19.02.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член  42 од Законот за основното образование („Сл.весник на РСМ” бр.161/2019; 229/2020 и 3/2025), член 36 став 1 точка 6 и 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр.202/24), член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20) и член 7 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од Основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и бр.12-11297/1 од 15.10.2020 година, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 19.02.2025 година,  дава:

**М И С Л Е Њ Е**

Советот на Општина Крушево дава позитивно Мислење за:
-Програмата за реализација на еднодневна екскурзија за учениците од III –одделение од ООУ „Никола Карев“ Крушево за учебната 2024-2025 година.
-Програмата за изведување на дводневна екскурзија со учениците од VI-одделение од ООУ „Никола Карев“ Крушево за учебната 2024-2025 година и

-Програмата за изведување на тридневна екскурзија со учениците од IX-одделение од ООУ „Никола Карев“ Крушево за учебната 2024-2025 година.

Ова Мислење влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-207/13 од 19.02.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа на Република Македонија (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002 и “Сл.весник на РСМ” бр.202/2024), член 34 и 38 од Законот за културата (“Сл.весник на РМ” бр.31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и “Сл.весник на РСМ” бр.265/24), член 62 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД директор на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево**

1. ПАНДОРА СТЕВАНОСКА, дипломиран економист од Крушево ул.”Манчу Матак” бр. 22, СЕ ИМЕНУВА за ВД Директор на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево од редот на вработените.

2. ВД директорот ќе ја извршува функцијата до избор на директор по објавен Јавен оглас, но не подолго од 6 (шест) месеци.

3. ВД Директорот ги има сите права и обврски на директор на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево.

4. Општина Крушево, веднаш по именувањето ВД Директор ќе распише Јавен оглас за директор.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

6. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

На ВД Директорот на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево, Пандора Стеваноска му престана мандатот, заклучно со 13.02.2025 година, заради истек на мандатот за кој беше именувана.

Согласно член 34 од Законот за културата, Градоначалникот на Општина Крушево веднаш именува ВД директор, без Јавен оглас, од редот на вработените.

ВД директорот ги има сите права и обврски на директор на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево.

ВД директор се именува за време до изборот на директор, а најдолго за 6 (шест) месеци.

Врз основа на горе наведеното, Градоначалникот реши како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 8 (осум) од дена од приемот на истото.

**Бр.09-213/1 од 13.02.2025 година Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

**Ре.бр.** **стр.**
1.Заклучок за објавување на актите донесени на 57-та седница на Советот на Општина Крушево …. 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 56-та седница на Советот на Општина Крушево .......... 1
3. Одлука за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка .... 1
4. Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејствата со новороденче на подрачјето на Општина Крушево за 2025 година ........................................................................ 2
5. Одлука за утврдување на висината на надоместокот за работа на претседателот и членовите на Управниот и Надзорниот одбор во ЈП “Комуна“ Крушево ................................................ 3

6. Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Комуна“ Крушево ............................................. 3
7. Одлука за дополнување на блок-дотацијата на ООУ „Никола Карев“ Крушево ............................ 4
8. Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог-актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка ................................................................ 4
9. Заклучок за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година ..................................................................... 4
10. Заклучок за извештајот за работата на Полициската станица од општа надлежност Крушево за перидот од второ полугоди од 2024 година ...................................................................... 5
11. Заклучок за давање на Согласност на ценовникот за измена и дополнување на ценовниокот на услугите на ЈП „Комуна“ Крушево .................................................................................. 5
12. Мислење за организиање на ученички екскурзии во ООУ „Никола Карев“ Крушево за учебната 2024-2025 година .................................... 5
13. Решение за именување на ВД директор на Домот на култура „Наум Нуамовски-Борче“ Крушево ................................................................. 6

Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.